РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**Сектор за макроекономска политика**



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**јули, 2016 година**

# СОДРЖИНА

Резиме ....................................................................................................................2

I. Реален сектор

Индустриско производство .......................................................................................3

Број на работници во индустријата ..........................................................................4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..............................................4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ...........5

Инфлација ..............................................................................................................6

Берзански цени .......................................................................................................7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз .......................................................................................................................8

Увоз .........................................................................................................................9

Салдо на трговска размена ......................................................................................10

Валутна структура ...................................................................................................10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ...................................................................................................11

Буџетски расходи ....................................................................................................12

Буџетско салдо ........................................................................................................13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ...................................13

Плати .......................................................................................................................14

Пензии .....................................................................................................................15

5. Монетарен сектор

Примарни пари .......................................................................................................16

Депозитен потенцијал .............................................................................................16

Кредити на банките .................................................................................................17

Каматни стапки на депозитни банки .......................................................................17

Пазар на капитал .....................................................................................................17

Девизни резерви ......................................................................................................18

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2016 година

- Индустриското производство во јули 2016 година во споредба со јули 2015 година забележа раст од 5,1%;

- Потрошувачките цени во јули 2016 година се намалија за 0,3% во однос на јули 2015 година, по годишниот пад на цените од 0,7% во јуни 2016 година;

- Во периодот јануари - јули 2016 година извозот забележа раст од 5,1%, а увозот 3,9%, што резултираше трговскиот дефицит да се зголеми за 1%, споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2016 година изнесуваа 97.000 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,8% во однос на истиот период 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 105.952 милиони денари, што е за 2,2% повеќе во однос истиот период 2015 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 3,5% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 2,3%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во јули 2016 година индустриското производство забележа раст од 5,1% во споредба со јули 2015 година. Анализирано по сектори, раст е забележан во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 15,4% и Преработувачка индустрија од 6,1%. Пад на производството е забележан во секторот Рударство и вадење камен од 5,5%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во јули 2016 година има гранката Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (3,7 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на прехранбени производи (-2,4 процентни поени).

На кумулативна основа, индустриското производство во првите седум месеци од 2016 година во однос на истиот период во 2015 година забележа раст од 5,6%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 9,3%, додека пад има кај секторите: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 10,8% и Рударство и вадење камен од 9,1%.




Податоците за индустриското производство по наменски групи во јули 2016 во однос на јули 2015 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 57,3%, Капитални производи од 34,5% и Енергија од 12,5%. Намалување на производството е забележано кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,1% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,4%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - јули 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст е забележан во групите: Капитални производи од 33,2%, Трајни производи за широка потрошувачка од 10,7%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,3% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,1%. Пад е забележан единствено кај групата Енергија од 9,8%.

## Број на работници во индустријата




Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во јули 2016 година забележа пад од 0,6%. Падот се должи на намалениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 0,7%, а пад е забележан и во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,5%. Раст е забележан единствено во секторот Рударство и вадење камен од 1,5%.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - јули 2016 во споредба со истиот период претходната година е зголемен за 0,9%. Раст е забележан во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 1,5%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,4% и Преработувачка индустрија од 0,8%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јули 2016 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 9,7%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,0%, Интермедијарни производи, освен енергија од 1,3% и Енергија од 0,9%. Пад е забележан единствено кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,1%.

На кумулативна основа, во првите седум месеци од 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 13,5%, Интермедијарни производи, освен енергија од 3,2%, Енергија од 2,0% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,7%. Намалување на бројот на работници е забележан во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,0%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јули 2016 година е поповолна во однос на претходниот месец, а многу поповолна во однос на јули 2015 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јули изнесува 64,9%, што претставува зголемување во однос на јуни 2016 година, кога изнесувало 64,6%. Споредено со истиот месец претходната година, искористеноста на капацитетите е повисока за 1,3 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јули 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 26,2%, недоволната домашна побарувачка со 21,4%, недостигот на квалификувана

работна сила со 14,7%, неизвесното економско окружување со 8,9%, финансиските проблеми со 8,5% и конкурентниот увоз со 5,4%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јули во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се дека ќе се зголеми, додека залихите на готови производи се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јули 2016 година издадени се 256 одобренија за градење, што претставува намалување од 28,7% на годишна основа. Споредено со јуни 2016 година, кога биле издадени 274 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење се намалил за 6,6%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јули 2016 година споредено со истиот месец претходната година е намалена за 37,9%. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите се намалила за 21,4%.



Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 181 (или 70,7%) се наменети за објекти од високоградба, 24 (или 9,4%) за објекти од нискоградба и 51 (или 19,9%) за објекти за реконструкција.



Број на издадени одобренија за градење по региони, во јули 2016 година; Извор: ДЗС

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 256 издадени одобренија за градба, на 181 (или 70,7%) објект како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 75 објекти (или 29,3%) инвеститори се деловни субјекти.

Во јули 2016 година предвидена е изградба на 711 станови, со вкупна корисна површина од 58.253 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во однос на јули 2015 година е намален за 25,6%, а во однос на претходниот месец за 17,0%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јули 2016 година се намалија за 0,3% во однос на јули 2015 година, по годишниот пад на цените од 0,7% во јуни 2016 година. Просечната стапка на инфлација во првите седум месеци од 2016 година изнесува -0,4%.




Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, што има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во јули забележа годишен пад на цените од 0,9%, главно како резултат на намалените цени во поткатегориите Овошје од 3,1% и Масло и масноти од 2,9%.

Годишен пад на цените во јули е регистриран и во категориите: Транспорт од 3,9%, Здравје од 1,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,7% и Ресторани и хотели од 0,1%.

Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,8%, следена со порастот на цените во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 2,4%, Комуникации од 1,6%, Рекреација и култура од 1,5%, Облека и обувки од 1,1%, Образование од 0,4% и Останати стоки и услуги од 0,2%.




Потрошувачките цени во јули 2016 година се намалија за 0,3% во однос на претходниот месец. Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Облека и обувки од 0,9%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,8%,

Здравје од 0,7%, Транспорт од 0,3% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%.

Зголемување на цените е забележано во категориите: Ресторани и хотели од 1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,9% и Останати стоки и услуги од 0,5%.

Цените во категориите Образование, Комуникации, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Рекреација и култура останаа непроменети.

Цените на мало во јули 2016 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 0,3%, додека споредено со претходниот месец цените на мало се зголемија за 0,1%. Цените на мало во првите седум месеци од 2016 година се пониски за 0,6%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јули 2016 година споредено со претходниот месец се намали за 7,0% и изнесуваше 45,1 долар за барел. Во однос на јули 2015 година, цената на нафтата бележи намалување од 19,3%. Цената на природниот гас во јули се зголеми за 8,2% на месечна основа .




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во јули 2016 година се тргуваше со просечна цена од 10.263 долари за еден метрички тон ($/мт) и споредено со јуни 2016 година бележи зголемување на цената од 14,9%. Во споредба со истиот месец претходната година, цената на никелот бележи пад од 10,1%. Во јули, месечно зголемување на цената се забележува и кај



останатите основни метали. Така, цената на цинкот се зголеми за 7,8%, на оловото за 7,1%, на калајот за 5,1%, на бакарот за 4,8% и на алуминиумот за 2,2%. Цената на железната руда во јули, во однос на претходниот месец, се зголеми за 9,6%.

Благородните метали исто така забележаа месечен раст на цените во јули 2016 година, односно цената на среброто се зголеми за 15,7%, на платината за 10,5% и на златото за 4,7%.

Цената на пченицата на светските берзи во јули, споредено со претходниот месец, се намали за 12,4%, а на пченката за 10,1%. Цената на јагнешкото месо во јули се намали за 5,3% на месечна основа .

## *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите седум месеци од 2016 година изнесува 5.855,5 милиони евра, што претставува раст од 4,4% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари - јули 2016 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), што изнесува 70,6%, и претставува зголемување од 1,9 п.п. во однос на истиот период претходната година.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - јули од 2016 година изнесува 2.431 милион евра и бележи раст од 5,1% (118,9 милиони евра) во однос на истиот период 2015 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 6,4%.

Вредноста на извезените стоки во јули 2016 година изнесува 391,4 милиони евра и бележи раст од 12,8% (44,4 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 6,8%.




Анализирано на месечно ниво, во јули 2016 година извозот бележи раст од 17,8% (59,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а

доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 17,7%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јули 2016 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, пијалаци и тутун, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 49,3% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – јули 2016 година споредено со истиот период во 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 10,5% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 5,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 80,9% и 11,8% соодветно.




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – јули 2016 година изнесува 3.424,5 милиони евра и бележи раст од 3,9% (128,9 милиони евра) во однос на истиот период 2015 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 2,1%.




Вредноста на увозот во јули 2016 година изнесува 510,3 милиони евра, што претставува зголемување за 0,9% (4,5 милиони евра) во однос на истиот месец 2015 година, а увезените количини стоки се намалени за 4%.

Анализирано на месечно ниво, увозот во јули 2016 година бележи раст од 2,7% (13,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 6,6%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2015 | I - VII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 33,2 | 48,8 | 15,6 | 46,8 |
| Мил. ЕУР | 19,1 | 17,3 | -1,8 | -9,3 |
| Мил.$ | 21,2 | 19,3 | -1,9 | -8,9 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2015 | I - VII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 511,7 | 584,5 | 72,7 | 14,2 |
| Мил. ЕУР | 244,0 | 196,0 | -48,0 | -19,7 |
| Мил.$ | 271,0 | 218,6 | -52,4 | -19,3 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2015 | I - VII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 9,7 | 8,8 | -0,9 | -9,6 |
| Мил. ЕУР | 439,1 | 503,4 | 64,3 | 14,6 |
| Мил.$ | 487,6 | 561,7 | 74,1 | 15,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2015 | I - VII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 18,3 | 16,8 | -1,5 | -8,1 |
| Мил. ЕУР | 68,4 | 97,2 | 28,8 | 42,1 |
| Мил.$ | 75,8 | 108,4 | 32,6 | 43,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2015 | I - VII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 352,6 | 351,6 | -1,0 | -0,3 |
| Мил. ЕУР | 331,1 | 223,2 | -107,8 | -32,6 |
| Мил.$ | 366,7 | 249,1 | -117,7 | -32,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VII - 2015 | I - VII - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 362,0 | 488,0 | 126,0 | 34,8 |
| Мил. ЕУР | 172,1 | 188,2 | 16,1 | 9,4 |
| Мил.$ | 190,7 | 209,8 | 19,1 | 10,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите седум месеци од 2016 година, трговскиот дефицит се зголеми за 1% односно 10 милиони евра споредено со истиот период минатата година.




Во јули 2016 година трговскиот дефицит се намали за 25,1% односно 39,9 милиони евра споредено со јули минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема и храна и пијалаци.

Во периодот јануари – јули 2016 година 84,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, Романија, САД, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 87,1% од трговската размена во периодот јануари - јули 2016 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2015 година претставува зголемување од 5,6 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,7% и 83,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот и увозот е зголемена за 5,6 п.п., во однос на периодот јануари – јули од 2015 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - VII - 2015 | | | | | I - VII - 2016 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.919,3 | 2.552.345.277 | 61,6036 | 157.233.657.527 | 77,4 | 2.505,8 | 2.844.685.550 | 61,6671 | 175.423.508.265 | 83,1 | 292.340.272 | 11,5 |
| УСД | 1.485,4 | 777.226.263 | 55,2853 | 42.969.187.135 | 21,2 | 824,1 | 606.033.834 | 55,3582 | 33.548.942.204 | 15,9 | -171.192.429 | -22,0 |
| ГБП | 3,8 | 11.778.045 | 84,5307 | 995.606.359 | 0,5 | 3,2 | 10.808.821 | 78,4668 | 848.133.628 | 0,4 | -969.223 | -8,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.408,5 | | | 201.198.451.020 | 98,6 | 3.333,2 | | | 209.820.584.098 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 3.414,8 | | | 203.035.264.312 | 100,0 | 3.342,1 | | | 211.186.280.694 | 100,0 | | 4,0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2016 година изнесуваа 97.000 милиони денари, односно 16,7% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,8% во однос на истиот седуммесечен период во 2015 година.

Даночните приходи во периодот јануари - јули се реализирани во износ од 57.308 милиони денари и во однос на истиот период 2015 година се зголемени за 7,0%.




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 28.034 милиони денари и забележа зголемување од 14,8% во однос на истиот период 2015 година, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи е доминантно и изнесува 48,9%. Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз што забележа поголемо остварување за 6,2%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 9,6%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа помало остварување за 82,4%.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 7.689 милиони денари и забележуваат раст од 7,9% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 67,1% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,5% од приходи од капитал, 6,6% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,0% од приходи по основ на договор на дело, 3,7% од приходи од имот и имотни права и 2,0% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој седуммесечен период од 2016 година изнесуваа 6.657 милиони денари и забележаа намалување од 19,3% во однос на истиот период претходната година.

Акцизите се остварени во износ од 11.850 милиони денари (учество од 20,7% во даночните приходи) и забележаа поголемо остварување од 8,2% во однос на истиот период минатата година. Приходите од царина беа остварени во износ од 2.744 милиони денари и забележаа зголемување од 14,9%.

Приходите од други даноци со остварен износ од 334 милиони денари забележаа помало остварување за 17,1% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 28.361 милион денари, што претставува поголемо остварување за 4,1% споредено со истиот период 2015 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 4,0%, кај придонесите за здравствено осигурување за 4,2%, а 4,2% е и кај придонесите за вработување.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 7.188 милиони денари и во однос на истиот седуммесечен период од 2015 година забележаа поголемо остварување за 5,0% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствария во износ од 1.027 милиони денари, што претставува помало остварување за 43,9%.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствария во износ од 2.010 милиони денари, односно се зголемија за 6,3% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2016 година изнесуваа 105.952 милиони денари, односно 18,2% од БДП, што е за 2,2% повеќе во однос на истиот период 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 98.095 милиони денари учествуваа со 92,6% и се зголемени за 3,4% во однос на истиот период 2015 година.

Средствата за плати и надоместоци беа реализирани во износ од 15.047 милиони денари и во однос на 2015 година се зголемени за 5,5%, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 8.678 милиони денари и споредено со истиот период 2015 година забележаа намалување од 15,0%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 70.128 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа зголемување од 6,3% споредено со истиот период во 2015 година и истите учествуваа со 66,2% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 51.743 милиони денари и забележаа раст од 8,7%, со учество од 48,8% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 31.794 милиони денари, што претставува зголемување за 10,4% споредено со истиот седуммесечен период од 2015 година и учествуваат со 30,0% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,7%, односно забележаа зголемување од 0,8% споредено со истиот период 2015 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 8.707 милиони денари забележаа зголемување од 2,3%. Субвенциите и трансферите со учество од  7,4% во вкупните расходи беа остварени помалку за 2,5%.

Каматните расходи изнесуваат 4.242 милиони денари, што е намалување од 4,3% во споредба со истиот период 2015 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа намалени за 13,3%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за  0,7% во споредба со истиот период 2015 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 7.857 милиони денари со структурно учество од 7,4% во вкупните расходи, односно забележаа помала реализација за 11,0% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јули 2016 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Македонија од 8.952 милиона денари, што претставува 1,5% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 7.981 милиони денари што претставува 1,4% од БДП.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари - јули 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 105.527 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е помал за 1,4% во однос на истиот период 2015 година.

Од вкупниот број нововработени, 45,8% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јули 2016 година 20,8% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 201.651, од кои 105.731 се активни баратели на работа, а 95.920 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 6,6%.

Најголем дел од невработените лица (67,8%) се градско население, а според полова структура 59,0% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,4% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,6% се со завршено средно образование, додека 15,0% имаат вишо или повисоко ниво на образование.




По возрасни групи, најголемиот дел или 54,6% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 54,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јуни 2016 година оствари годишен раст од 0,7%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,6%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Градежништво (10,6%), Административни и помошни услужни дејности (6,3%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (6,3%). Реалните плати во јуни забележаа годишен раст од 1,4%.

Просечната номинална бруто-плата во јуни 2016 година оствари годишен раст од 1,0%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,4%. Најистакнат раст на просечната бруто плата се забележува во следните сектори: Градежништво (11,0%), Земјоделство, шумарство и рибарство (6,5%) и Информации и комуникации (5,9%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 1,7%.







Процентот на вработени што не примиле плата во јуни 2016 година изнесува 1,6% и во однос на истиот месец претходната година е понизок за 0,3 п.п., а за 0,1 п.п. повисок во однос на мај 2016 година.

## Пензии

Во јули 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 302.124 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 242 лица. Од вкупниот број пензионери, 61,3% се корисници на старосна пензија, 25,3% на семејна пензија и 13,4% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јули 2016 година изнесува 13.077 денари и е за 5,1% зголемена во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јуни 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,1%.



Просечната старосна пензија во јули изнесува 14.435 денари, просечната инвалидска пензија 11.809 денари, а просечната семејна пензија 10.426 денари. За исплата на пензиите во јули 2016 година се потрошени 3.850,94 милиони денари, што претставува 51,9% од вкупните социјални трансфери.

# МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во јули 2016 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на ниво од 4,0%, откако во мај 2016 година ја зголеми за 0,75 п.п. што се должи на зголемената побарувачка на девизи и притисоците врз депозитната база на банките, како последица на влошените очекувања на економските субјекти, предизвикани од нестабилната политичка состојба во земјата. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.




## Примарни пари

Во јули 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 7,1% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 6,9% и 7,4%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 3,7%, при раст на готовите пари во оптек од 4,1% и зголемување на вкупните ликвидни средства на банките од 3,4%.

## Депозитен потенцијал

Во јули 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 0,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,4% и 0,6%, соодветно.

Од аспект на валутата, во јули 2016 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,1%, а депозитите во странска валута се зголемија за 0,3%.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Вкупниот депозитен потенцијал во јули 2016 година оствари раст од 3,5% на годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута забележаа раст од 1,8% и 6%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 0,2% на годишно ниво, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 11,1%.

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( јули 2016 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **296650** | **0,2%** | **3,5%** |
| Денари | *171797* | 0,1% | 1,8% |
| Странска валута | *124853* | 0,3% | 6% |
| Краткорочни | *144520* | -0,6% | 0,4% |
| Долгорочни | *82047* | 1,1% | 3,4% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **273756** | **-0,3%** | **3%** |
| Денари | *221802* | *-0,1* | 5% |
| Странска валута | *51954* | -0,7% | -4,6% |
| Краткорочни | *60232* | -2,1% | -0,7% |
| Долгорочни | *191469* | 0,3% | 10,8% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *20488* | -0,1% | -30,9% |

Извор: НБРМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 0,4%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 3,4%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база што изнесува 57,9%.




## Кредити на банките

Во јули 2016 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,3% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во јули кредитите кон претпријатијата се намалија за 1%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,6%. Од аспект на валутата, во јули 2016 година, денарските и девизните кредити регистрираа пад на месечно ниво од 0,1% и 0,7%, соодветно.

На годишна основа, во јули 2016 година вкупните кредити се зголемија за 3%, во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 0,9% и раст на кредитите кон домаќинствата од 8,1%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 4,6%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 10,8%, а краткорочните кредити се намалија за 0,7%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јули 2016 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,3% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец. Каматната стапка на денарските кредите е непроменета на месечно ниво и изнесува 6,6%, додека каматната стапка на девизните кредити е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,4%.




Вкупната каматна стапка на депозитите во јули изнесува 1,8% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се исто така непроменети на месечно ниво и изнесуваат 2,5% и 1%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јули 2016 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 12,9% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување за 26,9%, додека прометот од блок трансакции се зголеми за 73,1%.

Вкупниот промет на берзата во јули 2016 година изнесуваше 292 милиона денари што претставува значително зголемување за 2,4 пати (143,4%) на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во јули 2016 година изнесуваше 1.855,39 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 8,7%, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 11,9%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јули 2016 година изнесуваа 2.588,2 милиона евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 429,4 милиони евра, додека во однос на јули 2015 година се зголемени за 389,9 милион евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk